Врз основа на член 63, од Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на Р.С.М.“ бр. 32/20) член 22, став 1, точка 1 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 45 став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06, 03/09, 18/10, 15/14, 15/18, 06/09 и 08/21), по предлог на Градоначалникот,

Советот на Општина Велес на седницата одржана на ден 06.11.2023 година донесе

**О Д Л У К А**
**за утврдување на Урбанистички проект со план за парцелација со поединечна класа на намена А1- домување во куќи за ГП 2.2. И ГП 2.3. од ДУП:локалитет ТУНЕЛ 2 ВО УЕ 12 дел од БЛОК 58 и 59, Општина Велес**

**Член 1**

Се утврдува Урбанистички проект со план за парцелација со поединечна класа на намена А1- домување во куќи за ГП 2.2. И ГП 2.3. од ДУП:локалитет ТУНЕЛ 2 ВО УЕ 12 дел од БЛОК 58 и 59, Општина Велес, со вкупна површина од 1041 м².

**Член 2**

Комисијата за урбанизам формирана од Градоначалникот на Општина Велес, со Решение бр.08-199/1 од 11.01.2023 година, согласно член 63 од Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на Р.С.М.“ бр. 32/20), даде стручно мислење за утврдување на Урбанистички проект со план за парцелација со поединечна класа на намена А1- домување во куќи за ГП 2.2. И ГП 2.3. согласно ДУП:локалитет ТУНЕЛ 2 ВО УЕ 12 дел од БЛОК 58 и 59, Општина Велес, донесен со Одлука бр.0701-4673/6 од 19.12.2006, изработен од Друштво за проектирање, трговија и инженеринг УРБАН ПРОЕКТИНГ ДООЕЛ Велес, со тех бр 33/22 од Мај 2023 година, ревидиран од МАРИО-КОМЕРЦ ДООЕЛ Скопје, со тех.бр. 08/23 од Мај 2023 год.

**Член 3**

Оваа Одлука е составен дел на Урбанистички проект со план за парцелација со поединечна класа на намена А1- домување во куќи за ГП 2.2. И ГП 2.3. од ДУП:локалитет ТУНЕЛ 2 ВО УЕ 12 дел од БЛОК 58 и 59, Општина Велес

**Член 4**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес".

Претседател
на Советот на Општина Велес
Зоран Љутков

Број 25- 4549/27
07.11.2023 година
В е л е с

Доставено до:
- Градоначалник;
- Одделение за урбанизам и
- Списи и архива.